Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21 и 58/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 17 декември 2024 година, дава

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Етнологија и антропологија" на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Етнологија и антропологија" на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје .

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.


Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 25.12.2024

| Орган. един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 02 - | 365 / 11 | | |


## О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација бр.08-69/7 од 27.09.2024 година, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Природно-математичкиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, достави барање бр. 02-365/10 од 15.10.2024 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-799/1 од 16.10.2024 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Етнологија и антропологија" на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-799/2 од 24.10.2024 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 30.10.2024 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-799/3 од 01.11.2024 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Етнологија и антропологија" на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21 и 58/24).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21 и 58/24), решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по

добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб-страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Бр. 41-12469/3**
**17 декември 2024 година**
**Скопје**

**Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Емилија Л. Наумовска, советник |
| Проверил: | Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение |
| Контролирал: | м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор |
| Согласен: | Снежана М.Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | Игор Јанушев, генерален секретар на Владата |